Ovo je pregled DELA TEKSTA rada na temu "Osiguruvanje Poim i Celi (makedonski)". Rad ima 15 strana. Ovde je prikazano oko 500 reči izdvojenih iz rada.

Napomena: Rad koji dobjate na e-mail ne izgleda ovako, ovo je samo DEO TEKSTA izvučen iz rada, da bi se video stil pisanja. Radovi koje dobijate na e-mail su uređeni (formatirani) po svim standardima. U tekstu ispod su namerno izostavljeni pojedini segmenti.

Ako tekst koji se nalazi ispod nije čitljiv (sadrži kukice, znakove pitanja ili nečitljive karaktere), molimo Vas, prijavite to ovde.

Uputstvo o načinu preuzimanja rada možete pročitati ovde.

ФАКУЛТЕТ ЗА БИЗНИС АДМИНИСТРАЦИЈА

ПРЕДМЕТ : Осигурување

ТЕМА:

“ ОСИГУРУВАЊЕ ПОИМ И ЦЕЛИ “

ТЕТОВО, Мај 2008-05-14

С О Д Р Ж И Н А

ВОВЕД

ПОИМ И ЦЕЛ НА ОСИГУРУВАЊЕТО

РИЗИЦИ И ПРЕМИСКИ СТАПКИ

ПРЕМИНУВАЊЕ НА РИЗИКОТ ОД АСПЕКТ НА ОСИГУРУВАЊЕТО

ПРЕМИНУВАЊЕ НА ТРОШОЦИ И РИЗИЦИ ОД ПРОДАВАЧОТ НА КУПУВАЧОТ

ЗАКЛУЧОК

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

ВОВЕД

Осигурувањето претставува институција од посебно општествено значење бидејки врз база на начелата за заемност и солидарност со осигурувањето се постигнува економска заштита на имотот и лицата од ризици коишто ги загрозуваат. Ризикот претставува можност да се јави штетен настан. Такви неизвесни настани се можни само не се знае однапред кога и на кого ќе му причинат штета.

Првите договори за осигурување биле во областа на поморските патувања и тоа како вид на поморски заем. Договорот се заклучувал помеѓу зајмодавецот и зајмопримецот каде под договор за купопродажба на бродот и стоката што била превезувана, за извесна сума на пари се ставала клаузула дека продажната цена ќе биде исплатена само под услов да има бродолом. Значи била одредена премијата и ризикот поради кој се исплаќал надомест на штета. Вториот чекор во ваквиот вид на осигурување и договор била појавата на осигурувачот кој веќе настапувал со директен "Договор за осигурување ".

Најстариот Закон за осигурување за кој се знае до сега е Дубровачкиот закон за осигурување од 1568 година, во кој за прв пат е наложена законска форма на договорот за осигурување и ги има сите елементи на договорот за осигурување кои се применливи и денес.

Денешниот договорот за осигурување е таков договор со кој договорувачот на осигурувањето се обврзува дека врз основ на начелата на взаемност и солидарност ќе здружува определени средства во друштвото за осигурување, односно во друштвото за ризици (осигурувач), а од друга страна друштвото се обврзува дека ако дојде до настан кој представува осигуран случај да му го исплати на осигуреникот или на некое трето лице надоместот, односно договорената сума или да направи нешто друго согласно склучениот договор.

## 1. ПОИМ И ЦЕЛ НА ОСИГУРУВАЊЕТО

Во денешно време меѓународната трговија и транспортот на стоките не можат да се замислат без осигурување. Неговото значење се гледа во тоа што обезбедува големи вредности што се превезуваат (вредноста на стоката на едно превозно средство може да изнесува десетици милиони долари), овозможува точни калкулации во трговијата, бидејќи трговците можат да направат точни пресметки за своето работење, со што им се познати не само цената на стоката, превозните и другите услуги, туку и цената на ризикот на кој е изложена стоката во текот на целиот транспортен циклус. Исто така, на сите учесници во трговијата (продавачите, купувачите, превозниците, шпедитерите, складирачите, како и на другите лица кои се појавуваат при манипулацијата со стоката) им дава сигурност во случај да настанат определени ризици, а со тоа да бидат предизвикани и соодветни штети. Поради тоа, може слободно да се рече дека речиси целата стока во меѓународната трговија е осигурена.

...

--------------------OSTATAK TEKSTA NIJE PRIKAZAN. CEO RAD MOŽETE PREUZETI NA SAJTU.---------------------

www.maturskiradovi.net

MOŽETE NAS KONTAKTIRATI NA E-MAIL:

maturskiradovi.net@gmail.com